Уп. Бр. 08-74/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото **Сауди Арамко Девелопмент Компани,** со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5000, Дахран, 31311, Кралство Саудиска Арабија и **Ексел Инвестментс Холандија Б.В** со регистрирано седиште на П. Де Кубертинвег 7 N6225XT, Маастрихт, Холандија, преку Адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден **23.06.2023** година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување кое ќе обезбедува сеопфатни услуги за синџирот на снабдување во индустрискиот сектор во Саудиска Арабија од страна на **Сауди Арамко Девелопмент Компани** (Saudi Aramco Development Company), со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5000, Дахран, 31311, Кралство Саудиска Арабија и **Ексел Инвестментс Холандија Б.В** (Exel Investments Netherlands B.V.), со регистрирано седиште на П. Де Кубертинвег 7 N6225XT, Маастрихт, Холандија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 12.05.2023 година, а дополнето на 05.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна на **Сауди Арамко Девелопмент Компани,** со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5000, Дахран, 31311, Кралство Саудиска Арабија и **Ексел Инвестментс Холандија Б.В** со регистрирано седиште на П. Де Кубертинвег 7 N6225XT, Маастрихт, Холандија која се однесува на формирање на целосно функционално заедничко вложување.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Сауди Арамко Девелопмент Компани е зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Арабијан Оил Компани (Saudi Arabian Oil Company; „Saudi Арамко“). Saudi Арамко е примарно ангажирано со проспекциски геолошки истражувања, бушење и вадење јаглероводородни супстанци и обработка, производство, рафинирање и пласирање на пазарот на овие супстанци.

Сауди Арамко нема регистрирано присуство во Северна Макдонија.

**Ексел Инвестментс Холандија Б.В.** (Exel Investments Netherlands B.V.) е друштво со ограничена одговорност кое не котира на берза, основано согласно законите на Холандија и е зависно друштво во целосна индиректна сопственост на Дојче Пост АГ (Deutsche Post AG).

Дојче Пост АГ е присутно во Република Северна Македонија преку своето зависно друштo Друштво за транспорт и услуги ДХЛ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 32 бр. 5 Илинден и регистирирана основна дејност - Дејности за давање на останати поштенски и курирски услуги. Услугите кои се обезбедуваат во Северна Македонија вклучуваат управување со пратки, како и поштенски и курирски услуги.

Заедничкото вложување ќе биде основано во Саудиска Арабија и ќе биде активно во развојот, работењето и одржувањето на објекти за обезбедување на набавки и услуги за логистика во Саудиска Арабија и регионот на Блискиот исток и Северна Африка. Моментално не е предвидено Заедничкото вложување да ги нуди своите услуги во Северна Македонија

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**